Виолета Чаповска
Violeta Čapovska

Музеј на град Скопје,
Museum of the City of Skopje,

Виолета Чаповска

Ленд – принт проект на

Малото езеро, Пелистер

Violeta Čapovska

Land – Print Project at the

Small Lake, Pelister

Музеј на град Скопје,
Скопје, 1994
Museum of the City of Skopje,
Skopje, 1994

Време: Сабота, 2. јули, 1994; Место: Мало езеро, Пелистер, нмв. 2280 метри;
Траење на Проектот: околу 30 минути;

Прва фаза: На секоја од четирите страни од езерото се поставуваат следниве четири елементи: – огледало; објект од четири стаклени топки; три кружни плочи од цинк, и шишенце со пигмент.Втора фаза: Интервенција врз елементите

Првата идеја потекна уште пред четири години, кога за првпат го видов езерото.

Поголемиот дел од моите графики, изработени во последниве неколку години се поврзани со тоа мое прво интимно доживување на Малото езеро. Обликот на езерото неговата кружност, големина, едноставност, мистериозност, беше моја огромна инспирација. Оддалеченоста, местоположбата, неговата чистота и недопирливост одигруваат голема улога во моите размислувања и во окупираноста со него. Во езерото се видов себе си. Овој сегашен проект е замислен да се изведува околу Малото Езеро, со минимални интервенции во него. Дел од тоа одигрува стравот, преголемиот восхит, но идејата е и да не се узурпира езерото и да не се промени еколошки ништо во него.

1. Огледалото на наједноставен начин го симболизира моето "огледување" и идентификација со езерото. Огледувањето во огледалото е мое физичко надворешно огледување, истовремено значи и свест за себе и за своите граници, додека огледувањето во езерото означува мое суштинско, внатрешно огледување. Оваа интервенција е најлична и се занимава со релацијата јас-езеро.

2. Објектот од четририте стаклени топки е најден во старата куќа на баба ми во Битола. Тој е мој примарен извор, поврзан со минатото и со моите фамилијарни врски. Од друга страна топките се единствениот вештачки елемент што влегува во езерото, единствената краткотрајна интервенција во него.

3. Цинканите плочи ја симболизираат континуираната врска на езерото со графиките што ги работам. Од интервенциите изведени на нив две се трајни, една со камен (природен елемент директно земен од езерото), другата со вештачки елемент – игла, и третата со минлив карактер (градење на композиција со природни елементи).

Првите две плочи со трајна интервенција планирам да ги отпечатам и да бидат дел од моите идни проекти. Третата плоча секогаш ќе биде отпечатена чиста и ќе биде носител на идни минливи интервенции. Со текот на времето таа ќе носи некакви случајни гребнатинки или оштетувања (под влијание на транспорт, време), така повторно отпечатена ќе дава една поинаква графика. Сите три плочи ќе бидат зачувани и ќе претставуваат дел од идните фази на проектот на Малото Езеро. По секоја нова фаза тие одново ќе бидат отпечатени.

4. Шишењето со пигмент симболизира видливо материјално влијание на езерската вода врз еден од елементите.

Виолета Чаповска

Time: Saturday, 2. July, 1994; Place: The Small Lake, Pelister, el. 2280 m.;
Duration of the project: about 30 minutes
1 step: The following objects are placed at the four sides of the lake:
a mirror; a four glass-ball object; three circular plates of zinc; a bottle with some pigment
2 step: Intervention with the elements

Most of my prints made in the last four years are linked with that experience. The shape of the lake, its size, simplicity and mystery have been my constant inspiration. Its location high up in the mountain, its transparency and virginity, its infinity and wholeness and its intangibility have played a big role in my thoughts.

The project is to be carried out around the Small Lake with minimal interventions as a result of the feeling of awe and the notion not to usurp the Lake and disturb its ecological presence.

1. Looking at the mirror means awareness of oneself and one's limits, while looking at the Lake means one's essential inner reflection. This intervention is the most private and relates between I and the Lake.

2. The object of four glass-balls has been found in my grandmother house in Bitola. This is my primal source connected with my past and my family roots. On the other hand, this object is the only artificial element that enters the Lake.

3. The zinc plates express the continuous link which has existed between the Lake and the prints I make. The interventions upon the two plates leave permanent results. They are performed with a stone as a natural element and e dry needle as artificial element. The intervention on the third plate with a temporary character presents building up a composition with natural elements. I intend to print the plates and make them parts of my future Lake projects. They will be reprinted after each new phase.

4. The bottle with pigment gives an evidence of the material influence of the lake water upon one of the elements.

Violeta Capovska



МАЛОТО ЕЗЕРО: ТОПОГРАФИЈА И ЕГЗЕМПЛИФИКАЦИЈА НА ВОЗВИШЕНОТО

Возвишено е она во споредба со што се друго изгледа мало.
Кант

Парадоксот на обидот Малото езеро, топосот на land-print проектот на Виолета Чаповска, да биде третирано како возвишено, содржан е во самото име: тоа, наспроти сите дефиниции за возвишеното како бескрајно големо, означува ограниченост на димензиите. Како, тогаш, може овој локалитет да биде вклучен во вообичаената топографија на возвишеното која во 18 вековниот интинерариум на романтичарската Grand Tour вбројувала исклучиво грандиозни топоними (Алпите, Апенините, Планината Етна...)?

Со цел оваа операција на егземплификација на возвишеното да биде остварена успешно би требало да се земе во вид фактот дека проценувањето на величината на предметите во природата е од естетски, субјективен, а не од објективен карактер. Мерата на возвишеното е во телото, телото се воздигнува како мера – нагласува Дерида кога во "Вистината во сликарсвото" ја интерпретира Кантовата дефиниција на возвишеното како однос на "тело према тело", како мост меѓу она што не може да се претстави и претставувањето.

Возвишеното не е својство на самите предмети и појави туку постои само во нас кои го проицираме возвишеното во природата, во нас како разумни суштества (Дерида). Само од гледишна точка на разумот може да се дефинира искуството на возвишеното, искуството на несоодветност на презентацијата. Всушност, за возвишеното секоја презентација се покажува како неадекватна, како амбис во самата себе, несомерлива со безмерноста на возвишеноста.

Четирите фази на проектот на Чаповска се во согласност со ваквата субјективистичка дефиниција на возвишеното. Првата фаза, набљудувањето на сопствениот лик во огледалото во кое истовремено се насира и рефлекцијата на езерото, е нужна за идентификувањето на габаритот, границите на сопственото тело. Како што во "огледалната фаза" позната од психоаналитичкиот дискурс (Лакан, Кристева) субјектот се идентификува само преку фрагментирање на "јас" и на "другиот" – сопствениот одраз во огледалото, така Чаповска го лоцира сопствениот идентитет надвор од границите на своето тело – во својот, но и во одразот на езерото врз истата огледална површина. Така се воспоставува првиот однос со непознатото, Фројдовото Unheimlich – бездомното, ненаселивото, она туѓото што не привлекува, но и плаши при патувањата во несекојдневните предели. И навистина, топографијата на возвишеното секогаш е поврзана со недостапни, непознати локалитети, каков што, впрочем, е и Малото езеро (надморска височина 2280 м).

Фазата на миење на предметот составен од четири стаклени топки, познат од детските игри во старата семејна куќа, исто така е дел од процесот на раскинување со врските од познатото и извесно минато и нуркање во длабочините на неизвесната, бездомна привлечност на креацијата. Со ставањето на вода од езерото во шишето во кое веќе има син пигмент Чаповска воспоставува однос мегу неприкажливото возвишено (езерото) и уметничкото дело што ќе настане како неадекватен, фрагментиран резултат на идејата на разумот за која и Малото езеро ја крие бескрајната величина на возвишеното.

Графичките плочи, од кои, по интервенцијата на самиот локалитет, авторката отпечати три графики, се носители на трагите на немирот, теророт и уживањето предизвикани од возвишеното. Восхитот од недопрената природна убавина и стравот предизвикан од опасноста за себе – одржување се претвораат во длабоки засеци во цинканите плочи. Само третата плоча врз која е изведена ефемерна композиција од природни елементи најдени на локалитетот (тревки, гранчиња, вода, инсекти) останува празна, чиста како и самото езеро. Така е предизвикан и автореференцијалниот ефект на овој проект – моментот на преиспитување на границите на графичкиот медиум, кој по дефиниција е репродуктибилен, со помош на неологизмот land-print. Овде не станува збор дури ни за монотипија туку за некој нулти степен на графички отисок.

Излегувањето од графичкото ателје, интервенцијата со природни материјали врз класичната графичка подлога, како и ефемерноста на целиот проект замислен како постојано враќање во истиот амбиент со нови интервенции, го прават целиот настан (па и овој текст) сингуларен и специфичен поради концептуализирањето на графичкиот и дискурзивниот чин на дефинирање на недефинирливото, презентирање на неприкажливото.

Сузана Милевска

THE SMALL LAKE: TOPOGRAPHY AND EXEMPLIFICATION OF THE SUBLIME

That is sublime in comparison with which all else is small.
Kant

The paradox of each attempt the topos of the landprint project of Violeta Capovska, the Small Lake, to be treated as an example of the sublime, consists in its very name: against all definitions of the sublime as infinite big, it signifies the limitation of the dimensions. How is it possible, though, to include this locality into the accustomed topography of the sublime which, in the 18 century itinerarium of the romantic Grand Tour, included merely grandiose toponims (Alps, Appenines, Mount Etna..)?

In order to enable the successful realisation of this operation of exemplification the sublime it should be taken account of the fact that the estimation of magnitude of the objects in nature is of aesthetic, not of objective but of subjective nature. The measure of the sublime is in the body, it is the body which erects itself as a measure - emphasizes Derrida while in "The Truth In Painting" interprets Kant 's definition of thesublime as a relation of "body to body", as a bridge between the unrepresentable and the presentation itsellf. The sublime is not "proper to the objects and phenomena themselves but exists only in ourselves who project the sublime into nature, ourselves as rational beings". The experience of the sublime can be defined only from the point of view of reason: the experience of inadequacy of presentation. For the sublime, in fact, each presentation is presented as inadequate, as an abyss in itself, incommensurable with the without - cise of the sublime.

The four phases of the project of Capovska are in accordance with this subjective definition of the sublime. The first phase, the observing of her own image in the mirror, in which, simultaneously, peers out the reflection of the lake, is necessary for the identitication of the limits of her own body. Like in the "mirror stage" well known from the psychoanalitical discourse (Lacan, Kristeva) in which the subject identifies oneself only through the fragmentation in "self" and "other". ((the own reflection in the miror), Capovska locates her own identity out of the boundaries of her own body - in her own reflection but, at the same time, in the reflection of the lake on the same surface of the miror. Thus, the first relation with the Freudian Unheimlich (uncanny), the unfamiliar which attracts us but, at the same, scares us during the trevellings through unfamiliar regions, is being established. And truly, the topography of the sublime always is in relation to the unaccessible unknown localities, as, it is the Small Lake itself (at elevation of 2280 m.)

The phase of washing the four - glass object, familiar from the childhood - games in the old family house, as well is a part from the process of breaking the limits with the known and certain past and diving into the depths of the uncertain, uncanny attraction of the creation. With the pouring water in the bottle, already contenting blue pigment, Capovska establishes a relation between the unrepresentable sublime (the Lake) and the work of art which will originate as unadequate fragmented result of the idea of the reason for which the Small Lake hides the endless magnitude of the sublime. The zinc plates, the beares of the traces of the disturbance, the terror and the delight caused by the sublime, are used for making three prints after the intervention made at the Lake. The delight caused by the untouched nature and the terror caused by the denger for self preservation are transformed in deep incisions in the zinc plates. Only the third plate, on which the ephemeral compositons is made with natural elements found on the cite itself (herbs, branches, water, insects) remains empty, clean, as the lake itself. Thus, the self-referential effect of this project was caused - the moment of questioning the limits of the print medium, which, by definition, is reproducible. That is why the neologism land-print was invented. Here it is not even the case of monotype but maybe a kind of nulty degree of the print copy that is made.

The leaving of the print studio, the intervening with natural material on the classical print base and the ephemeral character of the whole project, conceived as continuous recurrence in the same ambient with new interventions, make this event (even this text itself) singular and specific because of its conseptualizing the printmaking and the discoursive act of defining the undefinable, presenting the unrepresentable.

Suzana Milevska

ВИОЛЕТА ЧАПОВСКА *е родена во Скопје, 1967. Дипломирала на ФЛУ во Скопје, отсек графика, 1991. Членува во ДЛУМ од 1994. Студиски престој во Австралија, од 1992. Адреса: Скопје, 83а Јуриј Гагарин, нас.Козле, Македонија тел. 242-242* **Самостојни изложби:** *1991, Уметничка галерија, Битола; 1992, Галерија на Австралиската графичка работилница, Мелбурн, Австралија; 1994, Делбриџ на Брунсвич Галери, Мелбурн, Австралија.* **Групни изложби:** *1988, Ивањица 21; Југословенска малдинска колонија; 1990, Млади 90, Чачак; 1990, X. Интернационална мини графика, Кадекс, Шпанија; 1990, Остави траг-интернационална изложба, Белград; 1990, ГЛАМ-68 македонски уметници, изложба на мал формат, Скопје; 1991, Трето биенале на млади, МСУ, Скопје; 1991, Универзитет на Њукасл, Њукасл, Австралија; 1992, Австралиски саем на современа уметност, Мелбурн, Австралија; 1993, X. меѓународна изложба на графичка уметност, Фрехен, Германија; 1993, Меѓународен уметнички саем на дела на хартија, Сиднеј, Австралија; 1994, Прво графичко триенале, Битола; 1994, Еурека, Квебек, Канада; 1994, Преместување, Мелбурн, Австралија; 1994, 25 графичка изложба на ДЛУМ, Скопје; 1994, Меѓународно биенале, Осака, Јапонија.* **Награди:** *1988, "Драгутин Аврамовски - Гуте", награда од ФЛУ, Скопје; 1988, Прва награда на колонијата Ивањица; 1991, Награда на Третото Биенале на млади, МСУ, Скопје; 1944, Награда на 25 Графичка изложба на ДЛУМ и откупна награда на Даут пашин Амам.*

VIOLETA CAPOVSKA was born in Skopje, 1967. She finished the Academy of Art in Skopje in 1991. She has been a member of DLUM since 1994. Graduate studies in Australia. Address: Skopje, 83a Jurij Gagarin street, Kozle, Skopje, Republic of Macedonia. Telephone number 242 242 **Solo exhibitions:***1991, Art Gallery, Bitola; 1992, Australian Print Workshop Gallery, Melbourne, Australia; 1994, Delbridge on Brunswich Gallery, Melbourne, Australia;* **Group exhibitions:***1988 , Ivanjica XXI, Yugoslav Youth Colony; 1990,Youngs 90, Cacak, Yugoslavia; 1990, 10. Mini Print International, Cadaques, Spain; 1990, Leave the trace - International exhibition, Belgrade, Yugoslavia; 1990, GLAM - 68 Macedonian artists, exhibition of small size, Skopje; 1991, The Third Biennial of the Young, Museum of Contemporary Art, Skopje; 1991, University of Newcastle, Newcastle, Australia; 1992 - Australian Contemporary Art Fair, Melbourne, Australia; 1993, 10. Internacional Exhibition of Craphic Art, Frechen, Germany; 1993, Internacional Art Fair of works on Paper, Sydney, Australia; 1994, The First International Triennal of Prints, Bitola, Macedonia; 1994, Eureca, Quebec, Canada; 1994, Australian Contemporary Art Fair, Melbourne, Australia; 1994, Displacement, Melbourne, Australia; 1994, 25 Print Exhibition of DLUM, Skopje; 1994, Internacional Biennial in Osaca, Japan;* **Awards:***1988, "Dragutin Avramovski-Gute" award at the Academy of Art in Skopje; 1988, First award at the Art Collony, Ivanjica; 1991, Award of the Third Biennial of the Young, Museum of Contemporary Art, Skopje; 1994,"DLUM" award at the 25 Print Exhibition of DLUM and "Daut Pasin Amam" buying up award at the same exhibition*

Издава: **Музеј на град Скопје;** *Одговорен уредник:* **Климе Коробар;** *Автор на проектот и видео-арт:* **Виолета Чаповска;** *Куратор на проектот и автор на предавањето: Малото езеро: Топографија и егземплификација на возвишеното:* **Сузана Милевска;** *Дизајн на каталогот:* **Фросина Зафировска;** *Фотографии, слајдови и камера:* **Роберт Јанкулоски;** *Водичи на на Малото езеро:* **Златко Стерјов и Симеон Гировски;**
Презентација на видео и слајдови: **Музеј на град Скопје;**
Музеј на град Скопје, јули, 1994

Published by: **Museum of the City of Skopje;** *Editor-in-Chief:* **Klime Korobar;** *Author of the project and video-art:* **Violeta Capovska;** *Curator of the project and author of the lecture:The Small Lake: Topography and Exemplification of the Sublime:* **Suzana Milevska;** *Layout:* **Frosina Zafirovska;** *Photographies, slides and camera:* **Robert Jankuloski;** *Guides on the Small Lake:* **Zlatko Sterjov and Simeon Girovski;**
Presentation of Video-art and slides: **Museum of the City of Skopje;**
Museum of the City of Skopje, July, 1994

Soros Centar for Contemporary Arts
- Skopje, Macedonia

Сорос Центар за современи уметности
- Скопје, Македонија

Печати:
Печатница "Миле"